# ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА

Злоупотребата/запоставувањето на децата е општествено неприфатлива појава која доведува до повредување/нарушување на детското здравје, загрозување на животот, развојот на сите кои се нашле во ситуација да бидат жртви на одредено кривично (казниво) дело.

Со цел да им помогнеме и да ги заштитиме децата од сите видови на злоупотреба, да ги намалиме и спречиме причините и ризик факторите кои доведуваат до оваа појава, потребно е негово препознавање и навремено пријавување од Ваша страна.

- **Во Република Македонија соглсно Законот за правда за децата:**

  - Дете е секое лице на возраст до 18 години;
  - Насочен е кон остварување на најдобрите интереси за детето;
  - Децата – жртви уживаат засилена заштита и поддршка;
  - Со децата жртви се постапува со почитување на нивното достоинство.

- **Во Република Македонија соглсно Кривичниот Законик забрането е:**

  - полови дејствија со дете кое не навршило 14 години,
  - наведување дете на вршење полови дејствија,
  - наведување, поттикнување или посредување на дете заради вршење проституција,
  - прикажување порногравски мтеријал на дете,
  - производство и дистрибуција на детска порнографија,
  - намамување и закажување средба со дете кое не навршило 14 години по пат на компјутерско-комуникациски средства,
  - физичко и психичко малтретирање на дете,
  - запоставување и економско искористување на дете,
  - напуштање на дете со цел негово трајно ослободување,
  - формирање вонбрачна заедница со дете,
  - точење и продавање алкохолни пијалоци на дете.

Доколку итно Ви треба помош или интервенција од полицијата не мора да испраќате порака по пат на оваа апликација, веднаш пријавете на бројот **192.**

Вашите пораки од страна на полициски службеници ќе бидат проверувани и истите ќе се читаат 24 часа.

Затоа пријавувајте и помогнете заедно да застанеме на патот на злоупотребата и да ја зачуваме благосостојбата на децата.

Ви благодариме на разбирањето и соработката.